Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ........ 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ИНФОРМАТИКА“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ, М-Р ЃОРЃИ ДИМОВ, М-Р СИЛВАНА ЖЕЖОВА И М-Р ВЛАДАН АНДОНОВИЌ**

Со Одлука број 2002-153/49 од 20.9.2012 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ИНФОРМАТИКА“ од авторите асистент д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот „*Практикум по информатика*“ е наменет за реализирање на вежбите по предметот Информатика, кој се изведува на сите факултетите при УГД (освен на Факултетот по информатика). Ракописот е напишан на македонски јазик. Се протега на 61 страница со формат А4, без насловните и воведните страници и се состои од 9 поглавја. Секое поглавје претставува опис на посебна вежба која треба да ја изработат студентите. За секое поглавје се дадени наставните цели, потребните предзнаења, потребните ресурси, како и потребното време и место за изработка на вежбите. Во продолжение на секој дел дадени се активностите кои се неопходни за изработка на соодветната вежба.

Првото поглавје носи наслов Вежба број 1 - Речник на информатички поими. Во овој дел се дадени, како и во сите останати поглавја, наставни цели на вежбата, потребни предзнаења, потребни ресурси и потребно време и место за изработка. Во понатамошното излагање е даден поимникот на македонски зборови од областа на информатичката технологија со, што во голем дел е дадена помош на студентите успешно да ја изработат вежбата. Во текстот се дадени сликовити прикази од платформата за електронско учење Moodle, со кои студентите се сретнуваат при изработка на вежбите.

Второто поглавје носи наслов Вежба бр. 2 - Дискусија за влијание на информатиката во општеството – Форум. Во овој дел од Практикумот, студентот постепено се воведува во начинот на изработка на вежбата со сите дадени елементи (кликнување на тастатурата), како и цртежи кои треба да ги исполни со цел успешно да ја заврши вежбата. Одреден вовед е даден за да се објасни во кој правец треба да се одвива дискусијата помеѓу учесниците или студентите.

Трето поглавје од Практикумот носи наслов Вежба бр. 3 Презентација: „Мојот јавен профил“, каде што студентот има за задача да направи соодветна презентација опишувајќи ја сопствената биографија со одреден софтвер за изработка на презентации. Дадени се упатства што треба, а што не треба да биде поставено во презентацијата, како треба да се изработи вежбата со одредени анимации и транзиции помеѓу слајдовите. На крај е дадено упатство како да се закачи одреден фајл или датотека со сликовен приказ.

Во четвртиот дел под наслов Вежба бр. 4 Дискусија за Хардвер - брзина, технологии, Муров закон, студентот има за задача да даде свое мислење во врска со хардвер или Муров закон т.е. да иницира дискусија и истовремено да реплицира на другите три дискусии дадени од останатите учесници во вежбата. Во продолжение се дадени кратки теоретски основи во врска со класификација на компјутерите, Муров закон, компјутерска архитектура, централна процесорска единица и периферни уреди. Овие теоретски излагања се поставени со цел на студентите им се олесни започнување на одредена дискусија и реплицирање кон останатите дискусии.

Во Вежба бр. 5 - Дискусија за периферни уреди и мемории, студентот треба да постави своја дискусија и истовремено да реплицира на три поставени дискусии од другите учесници во курсот. За полесно совладување на вежбата, дадени се одредени теоретски основи во врска со влезни и излезни уреди, мерење на капацитет на меморијата, магнетни

дискови и РАИД складирање. Студентот постепено се воведува во начинот како да ја постави дискусијата и како да одговори на веќе поставената дискусија со соодветен сликовит приказ.

Шестиот дел од Практикумот е даден преку Вежба бр. 6 - Дискусија за софтвер. Во овој дел е даден опширен приказ на софтвер, начини на поделба на софтверот, типови и примена во денешниот начин на работење и комуницирање, алатки за Интернет пребарување, софтвер за комуницирање преку електронска пошта и поим за лиценциран софтвер. Не изостанува делот кој објаснува начин на започнување на нова дискусија и реплицирање кон веќе поставените дискусии со сликовит приказ.

Во седмиот дел под наслов Вежба бр. 7 - Програма за обработка на текст, опишана е задачата која треба да ја исполни секој студент за успешно изведување на оваа вежба. Дадени се одредени насоки кои треба да бидат запазени при изработка на вежбата, како и упатство како еден фајл или датотека да се прикачи на платформата за електронско учење. Сите чекори кои се потребни за успешно закачување на датотеката сликовито се прикажани.

Во делот Вежба бр. 8 - Дискусија за системи за управување со содржини, дадени се теоретските поставки за информационите системи, менаџмент информациони системи, генерални типови на информациони системи, CRM, ERP и SCM. Сите чекори кои треба да се запазат при изведување на вежбата на платформата за електронско учење се дадени во пишана форма, а исто така и во сликовита форма.

Последен дел од Практикумот носи наслов Вежба бр. 9 - Пишување на електронска пошта, каде што студентот се запознава со вештините за успешно пишување на формална електронска пошта со соодветни делови за бонтон однесување и запознавање со сите елементи на една електронска пошта. Етичкиот дел, како составен дел на една формална електронска пошта, во целост е разработен така што студентот се стекнува со знаења кои ќе му послужат да напише електронска пошта која соодветствува на еден академски граѓанин. Сите дополнителни елементи за успешно закачување на датотеката – поштата, која треба да се изработи во вид на слика со соодветна екстензија (со помош на командата Print Screen) во целост се објаснети.

## ЗАКЛУЧОК

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ИНФОРМАТИКА" од авторите асистент д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ да го прифати за печатење како ИНТЕРНО УЧЕБНО ПОМАГАЛО.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Александра Милева, с.р.**
**Доц. д-р Игор Стојановиќ, с.р.**